Food Authority

NSW GOVERNMENT

# Миење раце во бизниси за храна

## *Правилното миење на рацете е важно*

Правилното миење на рацете е важен чекор што може да го направите за да го намалите на минимум ризикот од болести пренесени со храна во вашиот бизнис за храна.

Со темелно миење на рацете, од нив физички се отстранува нечистотија, отпадоци од храна, маснотии и штетни бактерии и вируси.

Законска обврска на лицата кои ракуваат со храна е да си ги мијат рацете.

## Опрема за миење на раце

Кодексот на стандарди за храна (Food Standards Code) обврзува просториите за храна да имаат прописна опрема за миење на рацете во просторите каде работат лица кои ракуваат со храна, ако е веројатно дека нивните раце би можеле да бидат извор на загадување на храната.

Покрај тоа, ако во просториите за храна има тоалети, опремата за миење на рацете мора да биде обезбедена веднаш до тоалетите.

Во просториите мора да има прописна опрема за миење на рацете.

Опремата за миење мора да биде:

- трајна инсталација
- поврзана или снабдена со топла течна вода за пиење
- со големина што дозволува лесно и ефикасно миење на рацете
- достапна
- снабдена со сапун или пешкири за еднократна употреба (или апарати за сушење со воздух) и сад за искористени пешкири
- јасно означена и чија единствена цел е миење на рацете и лицето.

Некои простории се должни да обезбедат опрема за миење со чешми со кои не се ракува рачно – на пример, кланици, месарници итн. Проверете во вашата општина или во Службата за храна на Нов Јужен Велс (NSW Food Authority).

## Кога треба да се мијат раце

Лице кои ракува со храна мора да ги измие рацете:

пред:

- подготвување и готвење храна

- ракување со храна, особено готова храна
- послужување храна.

после:

- одење во тоалет
- ракување со сурово месо, сурова живина или сурови јајца
- пушење, кивање, кашлање, „дување“ на носот, јадење, пиење или допирање на сопствената коса, глава или телесни отвори.

Лицата кои ракуваат со храна, а не ги мијат рацете, може да бидат казнети.

## Како правилно се мијат рацете

При користењето на опремата за миење раце во бизнисите за храна, следете ги следните чекори:

1. Темелно измијте ги рацете со сапун и топла течна вода.
2. Мачкајте ги рацете со сапун, една со друга. Не пропуштајте да ги намачкате со сапун двете страни на рацете, меѓу прстите и под ноктите.
3. Тријте ги рацете најмалку 20 секунди.
4. Добро исплакнете ги рацете со чиста и топла течна вода.
5. Избришете ги рацете со чист пешкир (се претпочитува од хартија) или исушете ги со воздух пред да готвите или јадете.

## Користење на четки за нокти (nail brushes) и антибактериски гелови

Чисти и неоштетени четки за нокти може да се користат при миење на рацете заради отстранување на тесто и други остатоци на храна што тешко се отстрануваат.

Антибактериски гелови што се соодветни за користење при подготвувањето на храна може да се користат покрај миењето раце. Антибактериските гелови сами за себе не се замена за миењето раце.

## Прашања во врска со миењето раце

Ако овластен службеник од Службата за храна на Нов Јужен Велс (NSW Food Authority) или од локалната општина идентификува прашања во поглед на миењето раце или на опремата за миење раце што треба да се поправат, разни мерки за спроведување може да бидат покренати.

За повеќе информации за околностите во кои акција за спроведување може да биде покрената, видете Политика на спроведување на Службата за храна на Нов Јужен Велс (NSW Food Authority Compliance Policy) и Политиката на присилно спроведување на Службата за храна на Нов Јужен Велс (NSW Food Authority Enforcement Policy) на at www.foodauthority.nsw.gov.au

## Повеќе информации

Овие информации се општ преглед и не можат да се однесуваат на сите ситуации. Бизнисите за храна се должни да ги почитуваат сите одредби на Кодексот на стандарди за храна (Food Standards Code) и на Законот за храна од 2003 (Нов Јужен Велс) (Food Act 2003 (NSW)).

- Посетете ја веб-страницата на Службата за храна (Food Authority) на foodauthority.nsw.gov.au
- Пратете имејл на линијата за помош на food.contact@dpi.nsw.gov.au
- Телефонирајте на линијата за помош на 1300 552 406

© Држава Нов Јужен Велс преку Regional NSW 2023. Информациите во оваа публикација се базираат на знаењето и разбирањето во времето на нејзиното пишување во мај 2023. Меѓутоа, поради напредокот во знаењето, корисниците се потсетуваат на потребата да осигураат дека информациите врз кои се потпираат се ажурирани и да ја проверат веродостојноста на информациите кај соодветен службеник на Regional NSW или кај независен советник на корисникот.